**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-551/5**
**Скопје, 07.10.2005 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Центар за 2004 година, кои се прикажани на страните од 5 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Центар за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Виолета Аларова, Градоначалник на општина Центар за периодот кој е предмет на ревизија.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 04.04. до 15.04.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Лила Зафировска - Ревизор;
- Катерина Чалоска - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***
_______________________

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 15.09.2005 година со писмо број 08-2260/1 од 15.09.2005 година примени се забелешки по предходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е констатирано следното :

- забелешките на точките 10.1.1 не се прифаќаат,
- забелешкате на точка 10.3.2. делумно се прифаќаат.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на актите**

11.1.1. Буџетот на Општина Центар, го сочинуваат Програмата за уредување на градежно земјиште, Програмата за користење и одржување на јавно осветлување и Програмата за изградба и одржување на локлани патишта и улици. Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општината Центар за 2004 година , освен во делот изработка на просторни и други урбанистички планови и Програмата за користење и одржување на јавно осветлување, не се конкретизирани односно во истите не е наведено кои патишта и улици ќе се градат, изградба на кои споменици, изградба на кои други објекти, изработка на кои пречистителни станици, реконструкција на кои улици и кои други реконструкции и реновирања. На тој начин дадена е можноста тековно да се определуваат приоритети без јасно утврдени критериуми, објектите на кои ќе се извршуваат изградба, реконструкција поправка и друго.
Согласно Законот за буџетите, правниот субјект има обврска расходите на буџетот да ги планира и утврди по Програми по конкретни објекти и намени и како такви да бидат усвоени и донесени од страна на Советот на општината.
**Препорака:** При изготвување на Буџетот на општината да се постапува согласно Законот за буџетите, при што расходите на истиот во одделните програми да се утврдуваат по конкретни објекти на кои ќе се работи во текот на фискалната година.

11.1.2. За приходите кои ги остварува од издавање на деловни простории под закуп правниот субјект не се регистрирал како даночен обврзник за ДДВ, а бил обврзан да го направи истото согласно членот 10 и 51 од претходно спомenатиот закон. Поради тоа

не е пресметан, наплатен и платен ДДВ во корист на Буџетот на РМ за 2004 година во износ од 43 илјади денари.

**Препорака**: Општина Центар согласно законските одредби е должна да се регистрира како даночен обврзник за данок на додадена вредност, истата е должна да ги почитува одредбите од Законот за данокот на додадена вредност.

## 11.2. Неправилности во искажување на расходите/приходите

11.2.1. Од сметката на буџетот директно се исплатени средства во износ од 3,048 илјади денари и тоа:

- 2,988 илјади денари на месните заедници, и
- 60 илјади денари на хуманитарно друштво.

Овие средства не се трансферирани преку сметката за редовно работење на единицата за локална самоуправа – Центар кое е спротивно на Законот за буџетите.

**Препорака:**

Да се почитуваат одредбите од Законот за буџетите и да не се вршат директни исплати од буџетот на единицата на локална самоуправа но исплатите да се вршат преку сметката на органот.

11.2.2. Кај приходите по основ на комуналии кои се наплаќаат на рати присутна е појава по истекот на времето за наплата на последната рата, од страна на општината да не бидат преземени мерки на присилна наплата со активирање на инструментите за обезбедување на плаќањето. Состојбата на побарувањата по основ на надомест за комуналии чиј рок за наплата е поминат со 31.12.2004 година се во износ од 13.914 илјади денари.

**Препорака:**

Надлежните служби во Општина Центар да ја пратат наплатата на надоместокот за комуналии на рати и по истекот на рокот за последната рата да пристапуваат кон активирање на инструментите дадени како обезбедување на плаќањата на рати.

## 11.3. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата

11.3.1. Позицијата Државен јавен капитал во Билансот на состојбата е прецената за износ од 55.719 илјади денари за кој износ е потценета позицијата Пасивни временски разграничувања. На ставката Аванси за капитални средства искажана е состојба од 60.945 илјади денари кои претставуваат пренесена состојба од 2003 година и се по основ на договори за здружување на средства за заедничка градба на деловни простории. Истата состојба е искажана и на ставката Државен јавен капитал.

Од извршениот увид во документацијата ревизијата констатира дека искажаниот износ всушност претставува побарување по основ на неплатени комуналии од страна на инвеститорите кои согласно договорите се трансформирани во побарувања на Општина Центар за аванси за капитални средства. Општина Центар почнувајќи од 1999 година склучува договори за здружување на средства за изградба на деловни објекти за сметка на надоместокот за комуналии кој треба да го платат инвеститорите. Со ваквиот начин средствата за комунално уредување се намалуваат и за сметка на комуналното уредување на просторот општината се здобива со нов деловен простор. Основна дејност на општината не е стопанисување со деловни објекти нејзините надлежности се токму во сферата на комуналното уредување на просторот. Со ваквиот начин општината ги кредитира инвеститорите, купува деловен простор по напред утврдени цени без да се почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки и Законот за локална самоуправа. (Прилог број 1)

11.3.2. Позицијата Аванси за капитални средства во Билансот на состојбата е прецента за износ од 5.226 илјади денари за истиот износ е прецenета позицијата Државен јавен капитал. Ревизијата констатира дека по договорот број 08-498/1 од 13.07.2000


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

година за здружување на средства за заедничка градба на деловен простор – локал во стамбено деловниот објект на ул. Македонско Косовска ударна бригада бб Скопје, објектот е изграден и ставен во владение на општината во 2003 година по договор за купопродажба број 08-1725/2 од 13.10.2003 година за износ од 5.226 илјади денари. Истото се констатира и на основа извршениот увид од ревизијата на лице место. Според претходното правниот субјект бил должен да обезбеди имотен лист и во сметководството на Буџетот да изврши намалување на состојбата на ставката Аванси за капитални средства и намалување на состојбата на Државен јавен капитал за износ од 5.226 илјади денари и истовремено за истиот износ, на сметката на Органот на општина Центар да искаже зголемување на состојбата на ставката Градежни објекти и Државен јавен капитал.

11.3.3. Од извршениот увид на состојбата на другите деловни објекти кои се градат со здружување на средствата за комуналии, ревизијата констатира дека дел од истите се во завршна фаза на изградба иако останатиот дел од објектите е готов и ставен во употреба. Кај дел од објектите присутна е состојба на имотно-правно нерасчистени односи на инвеститорот кое може да доведе до проблеми во делот на исполнување на договорот потпишан помеѓу општината и инвеститорот. Ни кај еден од договорите од страна на инвеститорите не се почитувани роковите за изградба наведени во договорите. Доколку општина Центар не се ангажира за побрзо и соодветно реализирање на договорите може да се доведе во ситуација да неможе да си ги реализира своите побарувања.

**Препорака:**

- Општина Центар преку своите надлежни служби да се заложи за поефикасно извршување на обврските на инвеститорите по склучените договори како би можело објектите да се завршат и евидентираат како имот на општината.
- Да не се практикува оваа форма на здружување на средства за комуналии за градење на деловен простор од причина што истите се наменети за уредување на градежно земјиште.
- За непостапувањето по договрите Општина Центар треба да преземе соодветни законски мерки спрема инвеститорите кои не ги почитуваат одредбите од договорите.

12. Вкупниот ефект од наодите во точка 11.3. е преценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од 5.226 илјади денари.

13. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 11.3. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Центар на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење кај Буџетот на општина Центар остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2004 година.

15. Во врска со Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Центар за 2001 година, ревизијата утврди дека за наодите од точките 10.1. делумно 10. 2.; 10.3. и 10.5. од страна на субјектот се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности а за останатите наоди не се преземени мерки за остранување.

**Скопје, 28.09.2005 година** **Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

## БУЏЕТ НА ЕЛС ЦЕНТАР

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 311,467 | 151,090 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 2,848 | 3,654 |
| Капитални приходи | | 0 | 367 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 49,326 | 32,380 |
| **Вкупно приходи** | | **363,641** | **187,491** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 15,752 | 14,388 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 33,078 | 23,332 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 18,399 | 13,290 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **67,229** | **51,010** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1 | 289,672 | 102,670 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **289,672** | **102,670** |
| **Давање на заеми, учество во дел од хартии од вредност и отплата на главница** | | | |
| **Вкупно заеми и отплата на главница** | | **0** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **356,901** | **153,680** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **6,740** | **33,811** |

## БУЏЕТ НА ЕЛС ЦЕНТАР

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 6,740 | 34,657 |
| P obar uvawa | 4.1.2. | 140,718 | 451 |
| Активни временски разграничувања | | 0 | 78 |
| Аванси за капитални средства | 4.1.3. | 60,945 | 60,945 |
| **Вкупно тековни средства** | | **208,403** | **96,131** |
| **Вкупно капитални средства** | | **0** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **208,403** | **96,131** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | | 0 | 78 |
| Краткорочни обврски заплати и други обврски спрема вработените | | 0 | 9 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 147,458 | 35,099 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **147,458** | **35,186** |
| Извори на капитални средства | | **60,945** | 60,945 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **60,945** | **60,945** |
| **Вкупна пасива** | | **208,403** | **96,131** |

## ПРИЛОГ БРОЈ 1

Преглед на побарувања по аванси за капитални средства по склучени договори помеѓу општина Центар и правни лица-градежни фирми за здружување на средства за заедничка градба на деловен простор

во 000 денари

| Р.бр | Предмет на договорот | Правен субјект – градежна фирма | Договор (број,датум) | износ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Деловен простор комплекс Тифани – ламела 5.9.7. во Мал Ринг Скопје( има проблеми со имотно правни односи) | УПА Интерприсе-Скопје | 08-410 од 30.06.1999 год. | 8.354 |
| 2 | Локал 5 во стам. дел. Објект Макед.-Косов. Удар.бригада Скопје(предаден во владение) | Кастело Едмонд и др. ДОО Скопје | 08-498/1 од13.07.2000 год. | 5.499 |
| 3 | Канцелариски простор во дел.објект Блок 3-3 Мал Ринг Скопје( објектот не е почнат да се гради) | Алумина – Инжинеринг ДОО Скопје | 08-53/1 од 09.02.2000 год. | 24.871 |
| 4 | Локал бр.10 во Адм. Дел. Објект Мал Ринг( имотно правни односи нерасчистени) | Стеми Инжинеринг дооел Скопје | 08 – 79/1 од 23.02.2000 год. | 6.870 |
| 5 | Дел.простор во стам. Дел. Објект на ул. Димче Мирчев бб Скопје(зградата е вселена не е довршен деловниот објект) | ДПТУ Зимекс ДОО Скопје | 08-220/2 од 02.03.2001 и анекс бр.08-958/1 од 06.05.2005 год. | 4.966 |
| 6 | Дел.простор во стам. Дел. Објект на ул. Димче Мирчев бб Скопје( во завршна фаза на градба) | ДПТУ Зимекс ДОО Скопје | 08 – 615/2 од 18.06.2001 год.и Анекс 08-1531/3 | 10.385 |
| | **Вкупно** | | | **60.945** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 11-551/12***
***Скопје, 06.12.2005 година***

Согласно член 27 став 5 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ„ број 73/2004) , е добиен Приговор број 08-2730/3 од 15.11.2005 година, по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Општина Центар, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното :

**Р Е Ш Е Н И Е**
***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорите по точките 11.1.1.;11.2.1.;11.2.2.;11.3.1. и 11.3.2. по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Буџетот на Општина Центар не се прифаќаат и наодите во Конечниот извештај остануваат.

2. Решението по доставениот Приговор на Конечниот извештај всушност претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Буџетот на Општина Центар поднесен е приговор број 08- 2730/3 од 15.11.2005 година**

Образложенијата за неприфаќање на приговорот се следните:

1. Приговорот на наодот од точка 11.1.1. не се прифаќа од причина што Главниот државен ревизор не најде елементи за прифаќање на изнесените забелешки и поради изнесеното наодот од оваа точка останува. Не се применети одредбите од Законот за буџетите и не се изготвени Програма за улично јавно осветлување и Програма за уредување на градежно земјиште со утврдени приоритети и намени и однапред утврдени објекти.

2. Приговорот на наодот од точка 11.2.1. не се прифаќа од причина што трансферирањето на средствата од буџетот треба да е преку органот од каде средства се трансферираат до крајните корисници согласно Законот за буџетите.

3. Приговорот на наодот на точка 11.2.2. не се прифаќа и останува како наод во Конечниот извештај од причина што и самиот субјект го потврдува постоењето на наодот со самото укажување дека Општината презела мерки за присилна наплата со активирање на инструментите за обезбедување на плаќањето на ненаплатените а доспеани надоместоци за комуналии од предходни години во текот на 2005 година.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*



***Овластен државен ревизор***

4. Приговорот по наод 11.3.1. не се прифаќа од причина што една од основните функции на Општините е уредување на градежното земјиште и надлежностите во областа на комуналиите. Приходите остварени по овој основ треба да се во функција на уредување на градежното земјиште и обезбедување на основните услови од областа на комуналиите на лицата кои плаќаат за таа намена како и на сите граѓани.

5. Приговорот по наодот од точка 11.3.2. не се прифаќа и наодот останува од причина што и надлежните служби на општина Центар известуваат дека се преземени мерки и дека е постапено по наодот од точката 11.3.2. со самото тоа ја потврдуваат веродостојноста на наодот.

**Главен државен ревизор**
**Методија Тошевски**


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*